# Програма за организирање на екскурзии, излети и настава во природа

## за учениците во

## ООУ „Киро Глигоров“- Скопје

## за учебната 2021/2022 година

**<u>П Р О Г Р А М А</u>**

**за научно- рекреативна екскурзија на учениците од III-те одделенија**

**ООУ ,,Киро Глигоров"- Скопје,Центар**

**во**

# <u>Маврово</u>

**2021/2022**

***<u>ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:</u>***

- Проширување на знаењата за западниот дел на нашата татковина, поточно Маврово и Мавровското Езеро кое е сместено под падините на планината Бистра;

- Запознавање со природните богатства на овој крај: Најголемиот ,,Национален парк- Маврово'' како и изобилството на растителен и животински свет;

- Создавање на позитивни навики за чување и одржување на природата и градење на еколошка свест;

- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето од овој крај

-Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Целите ќе се реализираат преку користење на современи педагошки форми и методи на работа. Ангажирани ќе бидат одделенските раководители и други стручни лица со што ќе се обезбеди целосна реализација на воспитно образовниот процес. Овој вид настава овозможува меѓу другото да се надминат социјалните и друг вид разлики меѓу учениците, како и поттик за соживот со врсниците и возрасните. Сето ова ќе допринесе за развој на личноста која ќе биде во состојба активно и креативно да се вклучи во секојдневниот живот каде и да е

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**:

Поаѓање во утринските часови, пристигање во Маврово, разгледување на црквата Св. Никола и запознавање со нејзината историја, одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање и враќање во попладневните часови

**Раководител на екскурзијата:Весна Трифуноска Чижбановска**

**Одговорни наставници-**актив на трето одделение

**3-а одд- Ирена Пешевска, Татјана Ивановска**

**3-б одд- Катерина Кузмановска Гаштов, Јелена Брауновиќ**

**3-в одд.- Бојана Баџакова Петровска, Весна Трифуноска Чижбановска**

**Ученици од 3-а и 3-б одделение**

**Времетраење: еднодневна- поаѓање рано наутро, престој во текот на денот во Маврово и враќање во попладневните часови**

**Време на реализација:**април- мај 2022г
**Локации за посета и правци на патување:**Скопје, Тетово, Гостивар, Маврово**,** попатно разгледување на ниви и плантажи- Полог, врвовите на Шара, падините на Бистра и изворот на реката Вардар- Вруток.

***ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА***

Високо квалитетен климатизиран ,безбеден туристички автобус со агенциски водич;

Придружба на медицинско лице;

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Самофинансирање од страна на родителите на жиро сметка на туристичката агенција

2021/2022 г.

**ООУ„Киро Глигоров “-Скопје**

**Центар**

# Програма за реализација на настава во природа за учениците од V одделение

**2021/ 2022 година**

**Место: Охрид**

**Целна група: ученици од V одделение**

**ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ :**

- Запознавање со природно-географските обележја на Западниот дел на Република Северна Македонија, Вевчани и градот Охрид;
- Проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното наследство;
- Поттикнување на ученичкотоискуство за откривањена нови знаењапреку организирањена истражувачки постапки;
- Развивање на љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- Оспособување за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнатите знаења во нови ситуации;
- Оспособување за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина,согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односиво природата и општествената средина; истражување водата како животна средина,
- Проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривањена нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Развивање љубов и почит кон татковината,нејзините убавинии историското минато;
- Да се оспособува за активно учество во истражувања на минатото со помош на користење на различни извори;
- Меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Негување и развивање на индивидуалната, тандемската игрупната работа помеѓу учениците ипозитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста*;*
- Применување на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање);
- Развивање на естетски вредности,чување на природата, еколошка свест за флората и фауната и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

**Конкретни цели и очекувани резултати по наставни предмети:**

**Македонски јазик:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува за самостојно усно и писмено изрзување на своите впечатоци и збогатување на речникот
- Да се оспособи да учествува во разговор во кој искажува доживувања, чувства и факти
- Да се оспособува самостојно да пишува текст на дадени теми
- Да се поттикнува своите емоции да ги запише во стихови
- Да се оспособува да напише извештај за определен настан
- Да се оспособува да опишува предмет, природна појава, локалитет

**Математика:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува да прибира податоци
- Да се оспособува да претставува и чита податоци во табели и столбести дијаграми
- Да се оспособува да ги користи мерките за должина во претставување на одалеченоста на посетените места ( да ги запишува , пресметува и споредува)

**Општество:**

Ученикот/ученичката

- Да се запознае со природните убавини на својата татковина
- Да се оспособат за забележување, опишување , размислување односно обработување на добиените податоци, градење ставови и формирање заклучоци, синтетизирање и аргументирање
- Да препознава стопански и нестопански дејности застапени во тој предел (туризам, риболов, овоштарство, занаети меѓу кои изработувачите на филигран и Охридски бисер)
- Да се оспособи да составува прашања
- Да се запознае со градби од минатото, традиционална архитектура и сегашноста
- Да се запознае со арехолошки пронаоѓалишта, локалитети, ископини како остатоци од минатото
- Да се запознае со споменици на културата (спомен куќи, музеи...)

**Ликовно образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува ликовно да ги изразува своите впечатоци
- Да се поттикнува да внесува повеќе детали при цртање од набљудување

**Музичко образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се запознае се народните песни карактеристични за Охридско – Струшкиот предел
- Да се оспособи за пеење и свирење ( на блок флејта) на песната ,,Билјана платно белеше“

**Физичко и здравствено образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособи за трчање по нерамен терен, во природни услови

- Да се обучува за изведување штафетно трчање
- Да се ориентираат координирано во просторот

**Творештво:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува да пишува различни форми на писмено изразување ( текст за разгледница односно поштенска картичка)

**Еко тема:** Подигнување на свеста за заштита на природата, набљудениа на нејзината флора и фауна, изработка на мал Хербариум.

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

Западниот дел на  Р. Северна Македонија – градови, реки, планини, кањон, извор, езера, музеи, средновековни градби, антички градби, цркви, манастири.

- собирање, селектирање и организирање на релативни податоци – извлекување на заклучоци;
- Собирање, селектирање и организирање на релативни податоци – бројни низи и табели за системско решавање на проблеми;
- Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања;

Воспитно образовните цели, задачите, содржините и активностите за време на наставата во природа, ќе се реализираат согласно распоредот на часовите за тие денови, како и целите од наставните програми.

**Распоред на часови**

| | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик |
| **2.** | Општество | Ликовно образование | Општество | Музичко образование | Математика |
| **3.** | Ликовно образование | Математика | Физичко и здравствено образование | Ликовно образование | Физичко и здравствено образование |
| **4.** | | Физичко и здравствено образование | Математика | Математика | Музичко образование |
| **5.** | | | Творештво | | |

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во времето од 10 до 13.30 часот. Организирано користење на слободното време е од 17 часот до 21.30 часот со игри, натпревари, квизови и прошетки до блиската околина.

## КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ

### Македонски јазик

1.Говорна и писмена вежба- ,, Моите впечатоци од патувањето до Охрид‘‘

2. Раскажување по доживеан настан – ,,Настанот што нема да го заборавам‘‘

3.Литературно творење за градот Охрид по набљудување

4.Читање на легенди за Охрид и Охридското езеро

5. Обработка на текст

### Математика

1.Собирање на податоци

2.Средување и претставување на податоци

3.Решавање на проблемски текстуални задачи со примена на мерки за должина и време

4.Проценување и споредување на мерките за време

5.Решавање на проблемски задачи со извлекување заклучоци

### Музичко образование

1.Обработка на песната Билјана платно белеше

2.Свирење (на флејта) по музички ноти на песната „Билјана платно белеше“

### Ликовно образование

1.Сликање на блиската околина

2.Изработка на ликовни творби од природни материјали

### Општество

1.Активности на географска карта

2.Изработка на туристичка карта

**Физичко и здравствено образование**

1. Меѓу одделенски натпревар во фудбал

2.Пешачење во блиската околина, ореиентирање во простор

**Творештво:**

1.Да се оспособува за правилно пишување на разгледница и нејзино украсување со мотиви од посетените предели.

**Еко тема:** Подигнување на свеста за заштита на природата, набљудениа на нејзината флора и фауна, изработка на мал Хербариум.

**Активности и методи:**

- Разгледување на природата и фотографирање од страна на учениците за изработка на мал фото албум
- Посета на Вевчани со Вевчанските извори разговор за традицијата во овој регион и одржувањето на Вевчанскиот карневал, антички театар Охрид, Плаошник, Самоилова тврдина, црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастирот Св. Наум Охридски, црквата Св. Софија.
- Посета на Музеј на Вода, наколни живеалишта, споредба на живеењето во минатото и современиот живот.
- Разгледување на старата чаршија во Охрид
- Проект на тема: Туристичките локалитети ( албум со илустрации)
- Демонстративен метод- презентирање на изработките;
- Проектна настава: групен облик на работа - Изработка на проекти за одделни историски периоди;

**Наставни методи:**

- Демонстративна метода
- Набљудување
- Разговор
- Дијалошка – монолошка метода
- Текст
- Анализа
- Синтеза

**Наставни форми:**

- Фронтална
- Индивидуална
- Групна
- Во парови

**Наставни средства:**

- Географска карта на Р. Северна Македонија
- Нема карта на Р. Северна Македонија
- Флејта
- Фото апарати
- Блок
- Пастели
- Подлоги
- Прибор за пишување
- Прибор за цртање ( водени и темперни бои,четки,фломастери,дрвени боици)
- Ножички, лепак
- Работна тетратка

**РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:** Анета Мицковска

**Одделенски наставници: Анета Мицковска, Тања Поповска - Грујовски**

**Ученици: од V - а, V - б**

**Времетраење:** пет дена

**Време на реализација:** Пролет ( април/мај) 2022 год.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА**: Св. Јован Бигорски- манастир „Св. Јован Крстител“-Дебар, Вевчански извори-Вевчани, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црквата „Св. Јован Богослов“-Канео, куќата на Робевци, манастирот Св. Наум Охридски, црквата Св. Софија-Охрид

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ: Скопје - Вевчани – Охрид – Скопје**

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА**

Обезбедувањето на основните услови за организирање на настава во природа како што се материјалните и кадровските, зависи од сите претходни подготовки кои се состојат од договарање помеѓу Министерството за образование и наука, организаторот на сместување ( заштита на децата,физичка и здравствена заштита) и основно училиште.

**МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ**

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа задолжително треба да има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија.

**Финален продукт** : Изработки, ученички трудови и книга за Охрид, кои ќе бидат изложени на училишното пано.

**Културно и забавни активности:**

1. Вечер на хумор и смеа;
2. Избор на најдобар глас;
3. Вечер на народни игри и модерен танц;
4. Квиз натпревар;
5. Игранка.

**Хигиена и здравје:**

1. Одржување лична и општа хигиена;

2. Норматив листа за јадењана здрава и разновидна храназначајна за раст и развој на учениците.

**Распоред на времето во текот на денот:**

1. Станување
2. Лична хигиена и уредување на спалните соби;
3. Утринска гимнастика
4. Појадок
5. Настава
6. Ручек
7. Време за одмор
8. Ужина и активен одмор
9. Вечера
10. Културно - забавни активности
11. Лична хигиена и спиење

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

- технички исправни, климатизирани автобуси,
- туристички водич
- придружба на медицинско лице

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**Скопје, 2021/22**

# План за изведување на Дводневна екскурзија низ Источниот дел на Р.С. Македонија за учениците од VI одделение

- **Време на реализација**: месец – мај 2022
- **Место на реализација**: Источниот дел на Р. Северна Македонија
- **Времетраење**: два дена
- **Место**: Струмица
- **Раководител на екскурзијата**: Благица Блажевска Богдановска
- Медицинско лице
- Туристички водич
- **Одговорни наставници**:класните раководители на шестите одделенија

- **Воспитно –образовни цели**

  **Учениците:**

- да се запознаат со природно – географските, биолошко – еколошките и други особености во Источниот дел на  Р Северна Македонија
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- да ги запознава и осознава основните законитости и поими за природата околу себе;
- да се запознае со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- да се запознава со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето;
- да ја увиди поширокатa просторна ориентација на својата околина и општините во Република Северна Македонија;
- да го осознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во семејството и поширокатa околина (општината) со животот и работата на луѓето во минатото;
- да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во поширокатa околина (општината);
- да гради чуство за патриотизам, толеранција и соживот;
- да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување
- да се потикнуваат и манифестираат позитивни емоции;
- подобро меѓусебно запознавање на учениците ;
- продлабочување на другарството и надминување на националните , верските, социјалните и другите разлики;
- да се елиминираат негативните навики, а да се негуваат позитивните навики за одржување на општа и лична хигиена;
- да покажува толеранција;
- да покажува подготвеност да му помогне на другиот;
- да ги прошират знаењата за поедини дејци од областа на литературата.

**Содржини:**

- Запознавање на природата и екологијата
- Запознавање со културно – историските знаменитости
- Етнологија и културно наследство во Источниот дел на Р. Северна Македонија
- Запознавање со географските одлики, природните богатства стопанството и индустријата
- Проширување на знаењата за животинскиот и растителниот свет застапен во Република Северна Македонија

**Активности по денови :**

**1 ден:** Тргнување од Скопје , кратка попатна посета на Куманово, посета на Куклици кај Кратово, посета на Кратово и запознавање на учениците со старата градска архитектура застапена во Кратово, посета на градскиот музеј, посета на Штип и тврдината Исар и античкиот град Баргала, кратка посета на Радовиш и црквата „Св. Тројца“, пристигање во Струмица во попладневните часови, сместување, попладневно разгледување на центарот на Струмица и посета на православниот храм „15 Тивериополски маченици“ и разгледување на археолошките ископини во дворот на храмот. Вечера и културно забавна програма за учениците, ноќевање.

Куклици – Кратово; Исарот – Штип

**2 ден:** Појадок и одјава од хотелот. Посета на Смоларскиот водопад и термите во Банско. Посета на Дојранското езеро, набљудување на ендемската флора и фауна, посета на каналот за полнење на Дојранското Езеро и ручек во Дојран. Посета на Негорски бањи и кратка пауза. Враќање во Скопје во 19 часот.

Колишински водопади и Дојранско езеро

**Организација на патувањето**

<u>Локации:</u> Скопје, Куманово, Кратово, Штип, Радовиш, Струмица, Дојран, Скопје.

**Техничка организација**

<u>Вид на превоз</u>: Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус

Сместување и услуги – според програмата

Медицинско лице

Туристички водич

Носители на активности: Одделенски раководители и ученици.

**<u>Начин на финансирање</u>**: Самофинансирање од страна на родителите. Плаќањето се врши преку уплатници на жиро сметка на агенцијата.

# П Р О Г Р А М А

за еднодневен есенски и пролетен излет

на учениците од I-VIII одделение

**ООУ ,,Киро Глигоров"- Скопје**

**општина Центар,**

**2021-2022**

# Програма за организација и изведување на еднодневен есенски излет

**Место**: Излетнички локалитет с. Дељадровци

**Одд: I до VIII одд**

**Воспитно- образовни цели:**

-Развивање интерес за запознавање на рељефните и културно-историските одлики на наведените локации;

- Учениците да се стекнат со навики за чување на животната средина, да изградат респективен однос кон историските знаменитости, да се дружат, спортуваат и рекреираат.

- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за - осамостојување и грижа за себе;

**Содржини и активности:**

- заедничко доживување на околината, дружење;

- посета на културно-историските знаменитости;

- организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;

**Раководител на екскурзијата:** Јана Трајковска

**Одговорни наставници**: Одделенски наставници од I – V одд. и одделенски раководители од VI - VIII одд

**Времетраење:** од 8,00 до 15.00 часот;

**Локација за посета:**близина на Скопје - Дељадровци - Општина Илинден

**Правец на патување на есенскиот излет:**Скопје-Дељадровци-Скопје

**Време на реализација** : септември/октомври 2021/22 година

**Техничка организација:**

- Висококвалитетен  климатизиран ,безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- придружба на медицинско лице;

- придружба на лице за обезбедување,

**Начин на финансирање:**

- Самофинансирање од страна на родителите.
- уплата на жиро сметка на туристичката агенција

# Програма за организација и изведување на еднодневен пролетен излет

**Место:** локација во близина на Скопје - Св. Никита – Горњане, Скопска Црна Гора

**Одд: I до VIII одд**

**Воспитно- образовни цели:**

-Развивање интерес за запознавање на рељефните и културно-историските одлики на наведените локации;

- Учениците да се стекнат со навики за чување на животната средина, да изградат респективен однос кон историските знаменитости, да се дружат, спортуваат и рекреираат.

- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за - осамостојување и грижа за себе;

**Содржини и активности:**

- заедничко доживување на околината, дружење;

- посета на културно-историските знаменитости;

- организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;

**Раководител на екскурзијата:** Јелена Брауновиќ

**Одговорни наставници**: Одделенски наставници од I – V одд. и одделенски раководители од VI - VIII одд.

**Времетраење:** од 8,00 до 15.00 часот;

**Локација за посета :**во близина на Скопје - Св. Никита ,Горњане, Скопска Црна Гора

**Правец на патување на пролетниот излет:**Скопје-Св.Никита ,Горњане-Скопје

**- Време на реализација** : април/мај 2021/22 година

**Техничка организација:**

- Високо квалитетен  климатизиран , безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- придружба на медицинско лице;
- придружба на лице за обезбедување,
- екскурзијата ќе се реализира во еден ден со ученици одпредметна настава и ученици од одделенсканастава.

**Начин на финансирање:**

- Самофинансирање од страна на родителите.
- уплата на жиро сметка на туристичката агенција

ООУ „Киро Глигоров"- Скопје

**ТИМ  ЗА  ИЗРАБОТКА  НА ГОДИШНА ПРОГРАМА**

| Име и презиме | Работно место | Потпис |
|---|---|---|
| Билјана Билбиловска | Директор | |
| Весна Трифуноска Чижбановска | Одд. наставник | |
| Анета Мицковска | Одд. наставник | |
| Јелена Брауновиќ | Одд. наставник | |
| Благица Блажевска Богдановска | Предметен наставник | |
| Јана Трајковска | Предметен наставник | |